20101713746

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 б), член 54 став 1 точка 5 и 7 и член 56 став 1 точка 14 Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 3.12.2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010 и 154/2010), во член 2 во табелата се бришат следните пакети:

А) АСК3 - Проширен специјалистички пакет со контрола и дијагностика од општите – заеднички пакети

Општи пакети (заеднички пакети)

Шифра	Назив на пакетот	Референтна цена
АСК3	Проширен специјалистички пакет со контрола и дијагностика	900

Б) Интернистички пакет/услуги од пулмологија

	ИНТЕРНИСТИЧКИ УСЛУГИ ОД ПУЛМОЛОГИЈА	
Шифра	**Назив на пакетот/услугата**	**Референтна цена**
АИМ11	Епикутан тест (до 30 теста)	490
АИМ12	Тест по Прик (до 20 теста)	490
АИМ13	Неспецифичен бронхопровокационен тест	460
АИМ14	Комплетна спирометрија	280
АИМ15	Спироергометрија	680
АИМ16	Спироергометрија со НБПТ	800
АИМ17	Бронхоскопија	2,500
АИМ18	Бронхоскопија со биопсија	2,700
АИМ31	Гасни анализи	550

Се додаваат следните пакети:

А) Респираторни пакети

Шифра	Назив на пакетот	Референтна цена
АРП1	Општ респираторен специјалистички пакет	1,200
АРП2	Општ респираторен специјалистички пакет со гасни анализи	1,650
АРП3	Општ проширен респираторен специјалистички пакет	2,260
АРП4	Општ респираторен специјалистички пакет со контролна дијагностика	1,950
АРП5	Пакет за дијагностика на опструктивен синдром	2,200
АРП6	Пакет за специфична дијагностика на опструктивен синдром	2,600
АРП7	Пакет за егзарцебирани респираторни состојби	2,650
АРП8	Пакет за специфична дијагностика на рестриктивни белодробни заболувања	2,700
АРП9	Специјалистички пакет со бронхоскопија	3,750
АРП10	Специјалистички пакет со бронхоскопија и биопсија	3,950
АРП11	Специјалистички пакет со ЕХО и пункција/евакуација	2,100

Б) Алерголошки пакети

Шифра	НАЗИВ НА ПАКЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ	Референтна цена
ААП1	Алерголошки пакет за десензибилизација (неделна основа)	1,200
ААП2	Алерголошки пакет за десензибилизација (месечна основа)	470
ААП3	Алерголошки пакет за Patch и/или Scratch и/или Prick тест со 1 алерген	670
ААП4	Алерголошки пакет за Patch и/или Scratch и/или Prick тест со повеќе алергени (до 3)	850
ААП5	Алерголошки пакет за стандарден Prick тест	980
ААП6	Алерголошки пакет за медикаментна алергија	1,730
ААП7	Проширен алерголошки пакет	2,730
ААП8	Алерголошки пакет за РИДА тест	2,130
ААП9	Алерголошки пакет со Манту тест	600

Член 2

Во Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 122/2010), во член 2 став 2, датумот „01.10.2010“ се заменува со датумот „01.01.2011“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-17835/8
3 декември 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.